## Извадок на дел од дневни настани 25.04.2024

На 24.04.2024 во 10.50 и во 12.25 часот полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода А.Д.(28) и А.Д.(21), двајцата од тетовско Непроштено, поради сомнение дека околу 04.00 часот во казино на регионален пат Тетово-Јажинце под закана со огнено оружје, од вработените одзеле пари. Тие се задржани во Полициска станица Тетово и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.04.2024 во 17 часот во Тетово полициски службеници од СВР-Тетово, врз основа на судска наредба, го привеле А.М.(42) од Тетово, кој бил баран со потерница за издржување на казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци поради сторено кривично дело казниво по член 288 и член 396 од Кривичниот законик. Тој е спроведен во КПУ Затвор Идризово за издржување на затворската казна.

На 24.04.2024 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Методија Андонов- Ченто" со сервисна улица која ги поврзува клучка Ченто и бул. „Александар Македонски" М.Н. (22) од с. Арачиново,скопско, кој управувал мопед со тетовски регистарски ознаки, паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил М.Н., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (25.04.2024) во 00.30 часот во ОВР Берово било пријавено дека на регионалниот пат Берово–Струмица, на место викано „Шушлевец" , атар на Берово, патничко возило „фолксваген џета" со беровски регистарски ознаки, управувано од И.М.(26) од с.Ратево, беровско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид извршила увидна екипа од ОВР Берово.

На 24.04.2024 околу 12 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица ,,113" во Тетово патничко моторно возило ,,ауди" со тетовски регистерски таблици, управувано од М.А. (64) од тетовска Шипковица, удрило во малолетен пешак од Тетово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на лице место извршила увидна екипа од СВР Тетово.

На 24.04.2024 во 21.30 часот во ОВР Гостивар И.С.(65) од Гостивар пријавил дека на улица ,,101" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 24.04.2024 во 18.14 часот во СВР Штип било пријавено дена на регионалниот пат Радовиш-Штип патничко возило „фолксваген голф" со швајцарски национални ознаки, управувано од З.Д.(49) од с.Калуѓерица, радовишко, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 24.04.2024 во 20.50 часот во Полициската станица Центар, Љ.В.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓуро Ѓоновиќ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.04.2024) во 00.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.З.(27) од Скопје пријавил дека на ул. „Христо Татарчев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.04.2024 во 17.20 часот во Полициската станица Чаир, С.Т.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Љубо Петровиќ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.04.2024 во 22.15 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР-Гостивар го лишиле од слобода Ш.Е.(60) од Гостивар, по претходна пријава дека го фотографирал гласачкото ливче во текот на вчерашното гласање за претседателските избори. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.04.2024 во 18.45 часот полициски службеници од СВР Тетово пред влезот на основно училиште во Тетово го привеле Ѓ.Ј.(37) од Тетово, затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеник кој вршел обезбедување при одржувањето на претседателските избори. По документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

ОСОСК поднесе кривична пријава против Ф.С. (34) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.07.2024 при извршен претрес во домот на пријавениот, биле пронајдени куршуми со калибар 7,65 мм.

На 24.04.2024 во 22.50 часот во Полициско одделение Ранковце Д.И. (34) пријавил дека во село Ранковце со метален предмет бил нападнат од Т.А. , а исто така Б.Т. пријавила дека била физички нападната од Д.И. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против А.Н.(71) од Крива Паланка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". Пријавениот, во временскиот период од 13.09.2023 до 23.02.2024 година, по претходно дадено овластување од страна на М.М., во повеќе наврати во банка, додека била надвор од Република Северна Македонија, без нејзино знаење, од нејзина сметка подигнал вкупно 67.800 денари.

На 24.04.2024 во 13.50 часот, полициски службеници од ОВР Кичево, на локален пат за селото Бигор Доленци, од слобода го лишија Д.Ѓ.(35) од Валандово. Тој бил агресивен кон полициските службеници кои, при извршен преглед, кај него пронајдоа и одзедоа марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Д.М.(38) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Тој, на улицата „Јабланица" во Струга, откако ги забележал полициските службеници кои преземале службени дејствија, исфрлил најлонска опаковка со опојна дрога кокаин, која е пронајдена и одземена.

На 24.04.2024 во Полициската станица Радовиш било пријавено дека 45- годишен жител на Радовиш во периодот од јануари до април 2024 година во повеќе наврати извршил обљуба врз малолетничка од радовишко село. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица, по чии насоки се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против М.Д.(32) од Росоман, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" казниво по член 396 став 1 од К.З. на Р.С.М. На 02.06.2023 со наредба од суд бил извршен претрес во неговиот дом и биле пронајдени и одземени воздушна пушка „гамо" со оптички нишан „бушнел", 5 патрони ловна муниција и 17 боеви куршуми различен калибар, а при претрес на неговото патничко возило „опел" со кавадаречки регистарски ознаки биле пронајдени и одземени 8 патрони ловна муниција кои ги поседувал без дозвола.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет